**Влада на Република Северна Македонија**

**Скопје, 3 декември 2024 година**
**Бр. 41-10620/5**

**До**
**Претседателот на Собранието**
**на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за Националната рамка на квалификации, што го утврди на седницата, одржана на 3 декември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: Тања Поповска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ**:** | проф.д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и<br><br>проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука |
| ПОВЕРЕНИК: | Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за Националната рамка на квалификации

Скопје, декември 2024 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за Националната рамка на квалификации за прв пат е донесен во 2013 година. Во времето пред неговото стапување во сила, тогашните постојни квалификации, освен во високото образование, не беа искажувани преку резултати од учење туку се темелеа на цели на учење. Високообразовните квалификации се искажуваа преку петте Даблински дескриптори, а студиските програми на сите три циклуси на високо образование се прилагодуваа од 2008 до 2012 година. Спроведувањето на Европската рамка на квалификација преку Националната рамка на квалификации во земјата, предизвика дејства на прилагодувања во образовниот систем со кои се овозможи искажување на квалификациите преку резултати од учење и примена на препознатлив Систем за обезбедување на квалитетот на квалификациите. Системот на квалификации е управуван од страна на Министерството за образование и наука а основан е и Одбор за Национална рамка на квалификации како и Секторските комисии за квалификации. Како исход од прилагодувањето на образовниот систем, усвоени се над 100 Стандарди на квалификации од второ, трето, четврто и петто ниво на квалификации, односно квалификации од средното стручно образование и постсредно образование. Во тој обемен и долготраен процес покрај надлежните органи учествува и сите засегнати страни.

Како последица, во 2016 година, Националната рамка на квалификации беше успешно поврзана со Европската рамка на квалификации. Извештајот за нејзиното поврзување го содржи и извештајот за самопотврдување на Националната рамка на високообразовните квалификации. Поврзувањето на рамките на квалификации, меѓу кои и на нашата, се одвива преку исполнување на мерилата и постапките со одбрана пред Советодавната група за Европска рамка на квалификации воспоставена од страна на Европската Комисија. Во нејзиниот состав учествуваат претставници на сите земји членки на Европската Унија, земјите кандидати и претставници на засегнатите страни, работодавачи, студенти, организации. Од поврзувањето произлегоа забелешки за подобрување и беше подготвен т.н. Патоказ во чие подготвување освен домашни, учествуваа и меѓународни стручњаци. Извештајот за поврзување не е еднократен, туку се обновува на одреден временски период и во негови рамки се известува за надминување на претходните забелешки и за спроведување на политиките кои меѓувреме се усвојуваат.

Заради усогласување на Националната рамка на квалификации со барањата од Советодавната група за Европска рамка на квалификации во постапката на поврзување и спроведување на новите политики се предлага донесување на нов Закон за Националната рамка на квалификации.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Национална рамка на квалификации претставува инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитетот на квалификациите. Нејзиното постоење сама за себе, без да биде поврзана со Европската рамка на квалификации, а со тоа и со други меѓународни регионални рамки, не може да ги даде целосните придобивки

за граѓаните и општеството заради што е потребно да ги исполнува пропишаните стандарди чие спроведување на национално ниво се уредува со овој Закон.

Квалификациите се искажуваат преку резултати од учење кои се опишуваат преку знаење и разбирање, вештини и компетенции односно оспособеност. Во нивното осмислување освен надлежните органи учествуваат и сите засегнати страни со што квалификациите се во служба на поединецот и општеството во целина. Постигнувањето на резултатите од учењето се потврдува преку системот за обезбедување на квалитет во кои исто така учествуваат сите засегнати страни.

Националната рамка на квалификации овозможува побрз одговор за прилагодување на квалификациите кон потребите на поединецот, работодавачите и општество во целина. Со оглед на тоа што, освен за основната намена за прегледност и споредливост на квалификациите, Националните рамки за квалификации се повеќе се користат и за признавање на квалификациите, вреднување на претходното неформално или искуствено учење, користењето на меѓународните квалификации, потврдите од курсеви и слично, неопходно е Националната рамка на квалификации да поседува издашност и подготвеност да одговори на постојните и идните барање и да биде усогласена со Европската рамка на квалификации како метарамка.

Па така, темелејќи се на тие начела со овој Закон се уредува стекнувањето на квалификациите, нивниот вид и обем, постапката за одобрување на квалификациите и улогата на надлежните органи и тела, обезбедувањето на квалитетот на квалификациите и регистарот на квалификациите.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон не предизвикува дополнителни фискални импликации освен оние коишто досега се утврдени.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.
Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Предложениот Закон за Националната рамка на квалификации како кровен Закон ќе предизвика и потреба од соодветно усогласување со Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за основното образование и Законот за образованието на возрасните.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет

### Член 1

Со овој закон се уредува Националната рамка на квалификации, нивоата и поднивоата на квалификации, типови на квалификации, обемот на квалификации, надлежните тела за предлагање, усвојување и класификација на квалификациите, надлежните институции кои ќе постапуваат согласно овој закон, како и поврзување на Националната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации и самопотврдувањето со Квалификациската рамка на Европскиот простор на високото образование.

### Дефиниции

### Член 2

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Национална рамка на квалификации (НРК)“ е инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.
2. „Македонска рамка на квалификации (МРК)“ е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Северна Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во Република Северна Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.
3. „Европската рамка на квалификации (ЕРК)“ (European Qualifications Framework, EQF)“ е заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји во Европа и претставува инструмент за прегледност, споредливост, препознавање и разбирање на квалификациите.
4. „Квалификациска рамка на Европскиот простор на високото образование (КР ЕПВО) (Qualifications Framework for the European Higher Education Area, QF-EHEA) е инструмент за воспоставување на нивоата на квалификации во системот на високото образование заради прегледност, споредливост, препознавање и разбирање на квалификациите помеѓу националните рамки на Европскиот простор на високото образование.
5. „Вештини“ се способност за примена на знаењето, извршување на задачите и решавање проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба

на логичко, креативно и интуитивно мислење) и практични (мануелна работа и употреба на методи, инструменти, алати и материјали).

6. „Знаење и разбирање“ е збир на стекнати и систематизирани информации, односно збир на теоретски и фактички информации.

7. „Доживотно учење“ е активност на формално и неформално образование и искуствено (информално) учење во текот на целиот живот со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, професионални и општествени потреби.

8. „Европски кредит трансфер систем и акумулирање на кредити во високото образование“, (European Credit Transfer System and Accumulation in Higher Education (ECTS)) е систем кој го изразува обемот на учење врз основа на дефинираните резултати од учењето и поврзаниот обем на работа.

9. „Европскиот кредит систем за стручно образование и обука за кредитите во стручното образование и обука“ (European Credit System for Vocational Education and Training (ECVET)) е систем за нумерички приказ на вкупната тежина на резултатите од учењето во квалификацијата и на релативната тежина на единиците во однос на квалификацијата.

10. „Македонски кредит систем за општо образование за кредитите во основното образование, гимназиското образование и општообразовните предмети во стручното образование и обука и уметничкото образование“ е систем за нумерички приказ на вкупната тежина на резултатите од учењето во квалификацијата и на релативната тежина на единиците во однос на квалификацијата..

11. „Меѓународна стандардна класификација на образованието“ (International Standard Classification of Education) е референтна меѓународна класификација за организирање образовни програми и сродни квалификации по нивоа и области.

12. „Институција“ е тело акредитирано да изведува формални и неформални програми и да образува, обучува и оценува учесници кои се стекнуваат соквалификации, за кои се издаваат јавни исправи.

13. „Квалификација“ е формален резултат од процесот на оценување и потврдување и се стекнува кога надлежна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно стандарди утврдени со закон..

14. „Код на квалификација“ е единствен и неповторлив број кој се доделува на една квалификација за да може истата да се внесе во Регистарот на Националната рамка на квалификации.

15. „Компетенции“ се докажана оспособеност за користење на знаењето и вештините во услови на учење или на работа.

16. „Клучни компетенции“ се збир на компетенции на одредено ниво, потребни за задоволување на личните, општествените и професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотното учење. Клучни компетенции се: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазици, математичка компетенција, како и основни компетенции

во природните науки, технологиите и инженерството, дигитална компентеција, лична и општествена компетенција и компетенција учење да се учи,  граѓанска компетенција, претприемништво, и културна свест и изразување.

17. „Кредит систем“ е систем за акумулирање и трансфер на кредити  врз основа на транспарентност на резултатите од учење и процесите на учење.

18. „Кредит“ е  квантитативна мерка за изразување на обемот на учење врз основа на обемот на работа што им е потребен на учесниците да ги постигнат очекуваните резултати од процесот на учењето на дадено ниво.

19. „Кредит трансфер“ е процес преку кој на резултатите  од учење постигнати во еден систем или институција може да им се одреди вредност во друг систем или институција.

20. „Делумна квалификација“ се  единици на резултатите од учење стекнати од поединец, кои се оценети и потврдени од институција  според однапред дефиниран стандард согласно закон.

21. „Меѓународна квалификација“ е квалификација која е доделена од меѓународно тело (здружение, организација, сектор или претпријатие), основано во согласност со закон или од национално тело кое делува во име на меѓународното тело и која се употребува во најмалку две земји и вклучува резултати од учење, вреднувани преку поврзување со стандардите кои ги утврдило меѓународното тело.

22. „Модул“ е независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од наставна/студиска програма и вообичаено може да биде: задолжителен, ко-задолжителен, условен и изборен.

23. „Нивоа во рамката“ е серија на последователни чекори  на учење, изразени преку општи резултати, структурирани според збирот на описи на нивоата.

24. „Описи на нивоа“ се описи на типот и сложеноста на знаењето, вештините и компетенциите на одредено ниво на рамката на квалификации.

25. „Описи на квалификации“ се мерливи показатели  за резултатите од учење кои  се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

26. „Оценување“ е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и на постигнатите резултати од учењето, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

27. „Резултати  од учење“ се  изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалното и неформалното образование или искуственото (информалното) учење, дефинирани како  знаења, вештини и компетенции во смисла на одговорност и самостојност.

28. „Програма (образовна/студиска)“ е збир на компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

29. „Формално образование“ е структуриран процес обезбеден од страна на образовна установа,кое се спроведува според одобрени програми за унапредување на знаењето, вештините и компетенциите, за што се издава јавна исправа.

30. „Неформално образование“ се организирани активности на учење со цел унапредување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени и професионални потреби..

31. „Искуствено (информалното) учење“ е учење кое произлегува од секојдневните животни активности поврзани со работата, семејството или со слободното време и не е структурирано во однос на целите за учење, времето на учење или поддршката во учењето.

32. Стручно образование и обука е дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување, знаења, вештини и компетенции во одреден сектор, неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

33. „Обезбедување квалитет“ е опишување на системот на мерки усвоени на национално и/или институционално ниво, со кои се потврдува дека се применети процеси и процедури заради осигурување и унапредување на квалитетот во сите погледи на образовниот процес, на програмите и на системот на квалификации.

34. „Стандард на квалификација“ е документ кој содржи стандардизиран опис на квалификацијата и клучен дел од содржината и структурата на квалификацијата на одредено ниво, кој ги вклучува сите информации потребни за одредување на нивото, обемот и припадност на одреден сектор на квалификацијата, како и податоци потребни за обезбедување и промовирање на вискок квалитет на квалификацијата.

35. ,,Стандард на занимање” е документ кој го одредува потребното знаење, вештини и компетенции кои поединецот треба да ги поседува за да биде способен да изведува работни задачи, должности и функции во рамките на занимањето.

36. „Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење” е постапка со која надлежно тело потврдува дека подинецот ги постигнал резултатите од учењето (знаења, вештини и компетенции) преку неформално образование и искуствено (информално) учење во согласност со стандард утврден со закон.

37. „Микропотврда“ (Micro-credential) е запис за резултатите од учење кои учесникот ги стекнал по мал обем на учење коишто се оценети според прегледни и јасно определени стандарди.

Начела

Член 3

Националната рамка на квалификации (во натамошниот текст: НРК) се заснова на следните начела:

- резултатите од учењето се искажуваат низ знаење и разбирање, вештини и компетенции;

- класифицирање на квалификациите во нивоа и поднивоа;

- преносливост на кредитите;

- споредливост со Европската рамка на квалификации (во натамошниот текст: ЕРК);

- обезбедување на квалитет во процесот на стекнување и развој на квалификациите;

- обезбедување на услови за еднаква достапност на образование во текот на целиот живот за стекнување и признавање на квалификациите;

- јакнење на конкурентноста на стопанството која се темели на човечките потенцијали;

- воспоставување координиран систем на осигурување квалитет на постојните и новите квалификации и

- изградба на систем на вреднување на неформалното образование и искуствено (информалното) учење.

Цели

Член 4

НРК има за цел:

- јасно да ги дефинира резултатите од учењето;

- да воспостави систем на вреднување на различни квалификации во рамките на целокупниот систем на квалификации;

- да го поттикнува и развива учењето во текот на целиот живот (доживотно учење);

- да ги покаже јасните врски помеѓу различните делови на образовниот систем;

- да укажува на проодноста и напредувањето (хоризонтално и вертикално) низ и во рамките на сите видови на образование и обука (формалното и неформалното образование и искуственото (информалното) учење),

- да овозможи меѓународна споредливост на квалификациите;

- да го промовира значењето на клучните и стручните компетенции;

- да обезбеди мобилност на учесниците во процесот на образование и обука, како и вклучување на пазарот на труд на национално и меѓународно ниво;

- да се создаде единствен систем за управување со квалитет;

- да го изедначи квалитетот на понудувачите на услуги;

- да обезбеди соработка на сите заинтересирани страни;

- да обезбеди усогласеност со економско-социјалните и културните потреби и

- да биде дел од системот во корелација со развојот на активностите на Европската рамка на квалификации.

## I I. МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

### Македонска рамка на квалификации

### Член 5

Македонската рамка на квалификации е задолжителен единствен меѓународно препознатлив опис со кои се опишуваат сите меѓусебно поврзани квалификации и резултати од учење и се определуваат односите меѓу квалификациите.

### Стандард на квалификација

### Член 6

(1) Содржината и структурата на квалификацијата, се опишува со Стандард на квалификација.

(2) Стандардот на квалификацијата од ставот (1) на овој член го сочинуваат:

- назив на квалификацијата;
- тип на квалификацијата;
- ниво, односно подниво на квалификацијата;
- сектор на квалификација;
- стандарди на занимање врз кои се заснова квалификацијата;
- код на квалификацијата;
- обем (кредитна вредност) на квалификацијата;
- опис на квалификацијата со образложение за потребата од квалификацијата и
- содржина на квалификацијата (услови за запишување, број на задолжителни и изборни предмети, односно модули, резултати од учење,

начин и критериуми за проверка на резултатите од учењето, проодност кон повисоко ниво на квалификација или пазар на труд и јавна исправа).

(3) Називот на квалификацијата од став (2) алинеја 1 на овој член, треба да биде единствен, јасен, недвосмислен, препознатлив и суштински да ја одразува употребливоста на квалификацијата.

(4) Стандардот на квалификација од став (2) алинеја 5 на овој член во стручното образование и обука и во образованието на возрасните се заснова на соодветен стандард на занимање.

(5) По исклучок од став (2) алинеја 5 на овој член, Стандардот на квалификација во основното, гимназиското и уметничкото образование не се заснова на стандард на занимање.

(6) По исклучок од став (2) алинеја 5 на овој член, Стандардот на квалификација во високото образование не се заснова нужно на стандард на занимање, а неговата содржина и структура поблиску се уредува со Законот за високото образование.

Структура на Македонската рамка на квалификации

Член 7

(1) Македонската рамка на квалификации опфаќа:

- нивоа, односно поднивоа на квалификации;
- описи на нивоата и на резултатите од учењето за секое ниво на квалификација;
- - видови на квалификации и документи со кои се докажува стекнатата квалификација и
- обем на квалификацијата.

(2) Описите на нивоата и резултатите од учењето од став (1) алинеја 2 на овој член се:

| Ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции (одговорност и самостојност) |
|---|---|---|---|
| VIII | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле во согласност со највисоките меѓународни стандарди;<br><br>Поседува знаење стекнато со сопствено истражување или работа со кое дава значаен придонес во професионалното и научното поле на истражување, но и во сродните на него полиња. | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;<br><br>Го користи своето знаење како основа за оригинални идеи и истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и на меѓународни рецензирани публикации;<br><br>Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, неопходни за решавање на сложени проблеми во полето на истражување;<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални и во меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле;<br><br>Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или | Презема максимална одговорност за резултатите од својата сопствена работа, но и за работата на останатите во групата.<br><br>Презема одговорност за раководење со комплексни процеси, со истовремена грижа за професионалниот развој на поединецот и на групата во целина; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | културниот развој во општество засновано на знаење;<br>Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VII | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање) кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено знаење во сродни професии или научни полиња. | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање;<br><br>Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно;<br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.<br>Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено; | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање активности;<br><br>Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка; Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување, како сопствен, така и за групата со која соработува. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| VI | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува способност за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на професијата или полето на студирање;<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи и концепти од соодветни податоци;<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.<br><br>Способност да општи и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност; | Презема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии.<br><br>Донесува соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и стручно знаење и разбирање на одделни основни теории од потесна научна и стручна област; Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали;<br>Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност;<br><br>Поседува способност да општи и расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, со колеги, претпоставени и клиенти. | Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во<br>областа на трудот;<br><br>Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите.<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето на останатите во групата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV | Познава концепти, принципи и процеси од учените предмети и области;<br><br>Поседува систематични теоретски и стручни знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретски знаења и принципи, неопходни за учењето и работа и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на трудот или учењето;<br><br>Оспособен е да прибира, анализира, селектира и да употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето;<br><br>Оспособен е да изведува сложени постапки и да употребува методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работата;<br><br>Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | Самостојно ја планира, организира и ја води својата работа и врши надзор на зедничката работа;<br>Самостојно извршува сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување, во согласност со дадените насоки, во променливи услови;<br>Одговорен е за сопствената работа, работата на групата, во насока на вреднување на резултатите од работата и унапредување на квалитетот, во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III | Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации;<br><br>Извршува на работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни;<br><br>Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите;<br><br>Комуницира и соработува со групата. | Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени овластувања, во рамките на делокругот на својата работа;<br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. |
| II | Поседува основни теоретски и стручни знаења потребни за познавање на подрачјето на трудот и може да ги примени при извршувањето на едноставни работни задачи, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини за извршување едноставни или помалку сложени и однапред дефинирани работи во познати услови и предвидливи ситуации.<br>Користи едноставни методи, алати, инструменти, уреди и материјали врз основа на детални упатства;<br><br>Комуницира и соработува со одделни лица. | Работи самостојно во познати услови под повремен надзор и со ограничена одговорност за извршување на работните задачи;<br>Остварува едноставна комуникација и соработка со дел од вработените во познати ситуации. |
| I | Поседува основно знаење за функцијата на одредени предмети и појави со можност да ги примени во практиката и другите дисциплини, а во исто време овозможува и натамошно учење. | Поседува основни вештини за извршување едноставни работи;<br><br>Користи едноставни методи, алати и инструменти со упатства и под надзор; Поседува општи правила на комуникација. | Извршува едноставни задачи под директен надзор;<br>Презема одговорност за извршување едноставни задачи. |

Обем на квалификациите

Член 8

(1) За секоја квалификација се одредува обем, односно просечно вкупно потрошено време потребно за стекнување на одредена квалификација. Обемот на квалификациите, односно нивната кредитна вредност се определува со број на кредити.

(2) Со кредитот се мери оптоварувањето на учесникот кој што учи со оглед на времето кое е потребно за стекнување на една квалификација, односно за остварување на резултатите на учењето.

(3) За секоја програма, посебна програма, модул, наставен предмет или друга единица на учење се доделува определен број кредити, кој што е цел број.

(4) Просечното вкупно потрошено време за стекнување на одредена квалификација се искажува во Европски кредит трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС), Европскиот кредит систем за стручно образование и обука (во натамошниот текст: ЕКССОО) и Македонски кредит систем за општо образование (во натамошниот текст: МКСОО).

(5) Најмал број на кредити што може да биде доделен е еден кредит.

(6) За квалификациите кои се стекнуваат врз основа на оригинални научни или уметнички истражувања просечното вкупно потрошено време се искажува со бројот на годините на истражување на работното место.

(7) Еден ЕКТС кредит опфаќа 30 работни часа во траење од 60 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.

(8) Еден ЕКССОО кредит опфаќа 25 работни часа во траење од 60 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.

(9) Еден МКСОО кредит опфаќа 25 работни часа во траење од 60 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.

(10) Еден МКСОО кредит во стручното образование и обука одговара на еден ЕКССОО кредит.

(11) Обемот на квалификациите за ниво на образование се одредува со најмалку 60 кредити, што одговара на една учебна, односно студиска година.

Нивоа, поднивоа на квалификациите, звање и јавни исправи

Член 9

(1) Во Македонската рамка на квалификации има осум нивоа и шест поднивоа, и тоа:

- Ниво I се однесува на завршено основно образование. Учесниците добиваат свидетелство за завршено основно образование за I ниво на квалификација и додаток на свидителство за завршено основно образование, а во неформалното образование и обука кое се однесува на знаење и вештини за функционална писменост и нумерички вештини, учесниците добиваат сертификат за I ниво на квалификација со додаток на сертификат.

- Нивото II се однесува на средно стручно образование во траење до две години. Учесниците добиваат диплома за II ниво на квалификација со додаток на диплома за соодветната квалификација, а во неформалното образование и обука кое се однесува на обуки за стекнување квалификации или делумна квалификација, учесниците се стекнуваат со сертификат за II ниво на квалификација со додаток на сертификат. По исклучок, во случаи утврдени со закон, учениците со посебни образовни потреби, за ниво II, , може да се образуваат и оспособуваат три години и добиваат диплома со додаток на диплома за соодветната квалификација.

- Нивото III се однесува на средно стручно образование во траење од три години. Учесниците добиваат диплома за III ниво на квалификација со додаток на диплома за соодветната квалификација, а во неформалното образование и обука кое се однесува за обуки за стекнување квалификации или делумна квалификација, учесниците стекнуваат сертификат за III ниво на квалификација со додаток на сертификат. По исклучок, во случаи утврдени со закон,учениците со посебни образовни потреби, за ниво III, може да се образуваат четири години и добиваат диплома со додаток на диплома за соодветната квалификација.

- Нивото IV се однесува на средно гимназиско образование, средно стручно техничкото образование и средно уметничко образование во траење од четири години и учесниците добиваат диплома за IV ниво на квалификација за соодветната квалификација со додаток на диплома, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или делумна квалификација, учесниците се стекнуваат со сертификат за IV ниво на квалификација со додаток на сертификат. По исклучок, во случаи утврдени со закон, учениците со посебни образовни потреби, за IV ниво на квалификации, може да се образуваат пет години и добиваат диплома со додаток на диплома за соодветната квалификација. Учесниците со завршено IV ниво на квалификација во стручното образование и обука се стекнуваат со звањето техничар.

- Нивото V, поднивото VБ се однесува на постсредното образование кое опфаќа специјалистичко образование и образование за мајстор. Специјалистичкото образование е во траење од шест месеци до две години во зависност од специфичните вештини и компетенции во квалификацијата кои треба да се постигнат и учесниците добиваат диплома за специјалистичко образование за VБ подниво на квалификација со додаток на диплома, а во неформалното образование учесниците се стекнуваат со сертификат за VБ подниво на квалификација со додаток на сертификат. Образованието за мајстор е во траење од шест месеци до две години во зависност од квалификацијата со која се стекнува и учесниците се стекнуваат со диплома за образование за мајстор за VБ подниво на квалификација со додаток на диплома. Учесниците со завршено VБ

подниво на квалификации преку специјалистичкото образование се стекнуваат со звањето специјалист, додека преку образованието за мајстор го добиваат звањето мајстор.

- Нивото V, поднивото VA се однесува на кратките студиски програми во високото образование, кои може да бидат и дел од првиот циклус на студии и учесниците добиваат уверение.

- Во нивото VI, поднивоата VIБ и VIA се однесуваат за тригодишните, односно, четиригодишните додипломски студии. Учесниците добиваат диплома со додаток на диплома. Учесниците со завршено VIБ подниво на квалификации се стекнуваат со звање кое се изведува од областа на студиската програма која се уредува со стандардот на квалификација, додека учесниците со завршено VIA подниво на квалификации се стекнуваат со звањето дипломиран по деталното подрачје од Меѓународната класификацијата на подрачја на образование и обука.

- Во нивото VII, поднивоата VIIA и VIIБ се однесуваат на едногодишните, односно, на двегодишите студии, односно за магистерските, студиите за специјализација и интегрираните студии од прв и втор циклус на студии. Учесниците добиваат диплома со додаток на диплома. Учесниците со завршено VIIA подниво на квалификации се стекнуваат со звање магистер на наука по деталното подрачје од Меѓународната класификацијата на подрачја на образование и обука, додека за учесниците со завршено VIIБ подниво на квалификации се стекнуваат со звање магистер по деталното подрачје од меѓународната (ИСКЕД) класификацијата на подрачја на образование и обука.

- Нивото VIII се однесува на докторските студии и учесниците добиваат диплома.

(2) Нивото на микропотврдите се одредува согласно описите на нивоата и резултатите од учењето од член 7 став (2) од овој закон.

(3) Нивото на меѓународните квалификации се превзема од нивото во Европската рамка на квалификации согласно описите на нивоата и резултатите од учењето од член 7 став (2) од овој закон.

Број на кредити кои се стекнуваат од нивоа и поднивоа на квалификациите во Македонската рамка на квалификации и споредливост со нивота на Европската рамка на квалификации

Член 10

| МРК ниво | Под-ниво | Општо образование | Формално стручно образование и обука | Неформално образование и обука | Високо образование | ЕРК ниво | КР ЕПВО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | | | | III Циклус на студии Докторски студии | 8 | Трет циклус на студии |
| VII | VII А | | | | II Циклус на студии Магистерски академски студии (60 - 120 ЕКТС) | 7 | Втор циклус на студии |
| | VII Б | | | | II Циклус на студии<br>• Магистерски стручни студии (60-120 ЕКТС)<br>• Интегрирани студии од прв и втор циклус (300 ЕКТС) | | |
| VI | VI А | | | | I Циклус на студии<br>• Универзитетски академски студии (240 ЕКТС)<br>• Стручни студии (240 ЕКТС) | 6 | Прв циклус на студии |
| | VI Б | | | | I Циклус на студии<br>• Универзитетски академски студии (180 ЕКТС)<br>• Стручни студии (180 ЕКТС) | | |
| V | V А | | | | - Стручни студии (90 до 120 ЕКТС)<br>- Кратки студиски програми во рамките на прviот циклус(90 до 120 ЕКТС) | 5 | Кратки циклуси на студии |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | V Б | | Постсредно образование (специјалистичко образование и образование за мајстор) (од 60 до 120 кредити) | Неформално образование за стекнување квалификација или делумна квалификација | | 5 | |
| IV | | Средно Гимназиско образование (240 кредити) | Средно стручно техничко образование во траење од четири години (240 кредити) Уметничко образование (240 кредити) | Неформално образование за стекнување квалификација или делумна квалификација | | 4 | |
| III | | | Средно стручно образование во траење од три години (180 кредити) | Неформално образование за стекнување квалификација или делумна квалификација | | 3 | |
| II | | | Средно стручно образование во траење до две години (од 60 до 120 кредити) | Неформално образование за стекнување квалификација или делумна квалификација | | 2 | |
| I | | Основно образование | | Функционална писменост и нумерички вештини | | 1 | |

Типови на квалификации

Член 11

Типови на квалификации се:

- образовни валификации и
- стручни квалификации.

Стекнување квалификации
Член 12

(1) Образовните квалификации се стекнуваат во основното образование, средното гимназиско, стручно и уметничко образование и високото образование, со завршување на образование за јавно донесени програми и постигнување на резултатите од учење, по извршена проверка пропишана со закон. Квалификациите, според опфатот на општото знаење, на стручното знаење и на компетенциите, овозможуваат личен и професионален развој, односно можност за продолжување на образованието или за вклучување на пазарот на трудот (вработување).

(2) Доказ за стекната образовна квалификација претставува свидетелство со додадок на свидетелство за завршено основно образование, односно диплома со додаток на диплома за завршено средно гимназиско, стручно и уметничко образование и високо образование.

(3) Стручните квалификации се стекнуваат за дел од јавно донесени програми, модули или курсеви, или со завршување на посебни програми за образование или преку валидација на неформалното образование и информалното учење по извршена проверка согласно со закон. Овие квалификации претставуваат формално призната оспособеност за извршување на работи во рамките на едно или повеќе занимања на определено ниво на барања или делумни (парцијални) квалификации со цел да овозможи вработување или личен развој.

(4) Стручните квалификации даваат доказ дека се постигнати групи на резултати на учење или комбинации на резултати на учење кои не ги задоволуваат барањата за постигнувањата за образовно ниво. Стручни квалификации можат да се стекнат за сите нивоа и поднивоа на НРК, освен за ниво VII и VIII.

(5) Стручните квалификации содржат стручни компетенции од еден или повеќе стандарди на занимања.

(6) Стручните квалификации добиени на неформален начин се оценуваат и потврдуваат од комисија формирана согласно Законот за образование на возрасните.

(7) Доказ за здобиена стручна квалификација претставува сертификат со соодветен додаток на сретификат.

(8) Микропотврдите се стекнуваат по завршување на курсевите кои се осмислени да му овозможат на учесникот стекнување специфични знаења, вештини и компетенции коишто одговараат на општествените, личните, културните или потребите на пазарот на трудот. Микропотврдите може да бидат самостојни или да се комбинираат во пошироки микропотврди. Микропотврдите се поткрепени со обезбедување на квалитет според утврдените стандарди во соодветниот сектор или област на дејноста. Обемот на микропотврдите се одредува до најмногу пет ЕКТС односно ЕКССОО кредити.

Развивање на квалификации

Член 13

(1) Образовните квалификации од I до V-Б ниво на квалификации ги развиваа

- Бирото за развој на образованието и
- Центарот за развој на стручно образование.

(2) Институциите од ставот (1) на овој член, образовните квалификации ги развиваат во соработка со работодавачи од соодветниот сектор, освен за I ниво на квалификација и IV ниво на квалификација за гимназиското и уметничкото образование.

(3) Стручните квалификации од II до V-Б ниво на квалификации ги развиваат:

- Центарот за образование на возрасни
- Центарот за развој на стручно образование и
- понудувачи (даватели) на образовни услуги за неформално образование, комори, работодавачи и други кои имаат интерес за развивање квалификации.

(4) Високообразовните квалификации од V-А до VIII ниво ги развиваат високообразовните установи.

(5) Курсевите со кои се стекнува микропотврда ги развиваат образовни установи или организации, здруженија во соработка со образовна установа која применува соодветен систем за обезбедување квалитет.

Сектори на квалификации

Член 14

(1) Квалификациите во стручното образование и обука од II до VБ ниво се групираат според секторот на кој му припаѓаат.

(2) Секторите на квалификации содржат потсектори.

(3) Потсекторите ги дефинираат секторски комисии според содржината на работата, во согласност со потребите на пазарот на трудот, стопанството, општеството и образованието, како и при групирањето на квалификациите кои имаат иста или слична содржина на знаења и вештини, односно резултати на учење.

(4) Сектори на квалификации во стручното образование и обука се:

| | |
|---|---|
| 1 | Геологија, рударство и металургија |
| 2 | Градежништво и геодезија |
| 3 | Графичарство |
| 4 | Економија, право и трговија |
| 5 | Електротехника и информатички технологии |
| 6 | Здравство и социјална заштита |
| 7 | Земјоделство, рибарство и ветеринарство |
| 8 | Лични и други услуги |
| 9 | Машинство |
| 10 | Сообраќај, транспорт и складирање |
| 11 | Текстил, кожа и слични производи |
| 12 | Угостителство и туризам |
| 13 | Хемија и технологија |
| 14 | Шумарство и обработка на дрво |
| 15 | Спорт и рекреација |
| 16 | Уметност |

(5) За класификација на високообразовните квалификации се применува Меѓународната класификацијата на подрачја на образование и обука.

## III. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ТЕЛА И КОМИСИИ

### Член 15

Надлежни органи, установи, тела и комисии за развивање, проверка, усвојување, признавање и класифицирање на квалификациите во Македонската рамка на квалификации се:

- Одборот за Македонска рамка за квалификации;
- Министерството за образование и наука;

- Министерството за економија и труд;
- Бирото за развој на образованието;
- Центарот за развој на стручно образование;
- Центарот за образование на возрасните и
- секторски комисии за квалификации.

Одбор за Македонската рамка на квалификации

Член 16

(1) За унапредување на системот на квалификации, одобрување и класифицирање на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, Владата на Република Северна Македонија формира Одбор за Македонска рамка за квалификации (во натамошниот текст: Одборот).

(2) Одборот има печат кој содржи натпис: „Република Северна Македонија - Одбор за Македонска рамка за квалификации –Скопје“. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија.

(3) Одборот е составен од претседател и десет члена, кои ги назначува Владата на Република Северна Македонија.

(4) Претседател на Одборот е еден од членовите на Одборот и истиот го избираат членовите на конститутивната седница која ја свикува министерот за образование и наука. Претседателот на Одборот го претставува и застапува Одборот.

(5) Членови на Одборот се два претставника од Министерството за образование и наука и по еден претставник од:

- Министерството за економија и труд;
- Центарот за развој на стручното образование;
- Центарот за образование на возрасните;
- Бирото за развој на образованието;
- Националната агенција за европски образовни програми и мобилност; високообразовна установа, кој го предлага Интеруниверзитетската конференција;
- Стопанската комора на Северна Македонија;
- Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија и
- преставник од репрезентативната организација на работодавачи.

(6) За претседател и член на Одборот може да биде назначено лице кое има:

- завршено високо образование и
- најмалку пет години работно искуство во секторот/дејноста, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификациите.

(7) Претседателот и членовите на Одборот се назначуваат за четири години, со право на последователен повторен избор.

(8) Членовите на Одбор се независни и самостојни во својата работа и не можат да бидат отповикани пред истекот на времето за кое се назначени, освен кога на член на Одборот му престанал статусот на вработен во институцијата чиј претставник е како член во Одборот по било кој основ, кога е именуван или избран на функција заради која не би можел да биде назначен за член, кога Одборот констатира дека членот подолго од шест месеца не е во состојба да ги врши обврските и кога постои судир на интерес утврден со закон.

(9) Одборот ги врши следните работи:

- врши процена на политиките за образование, вработување, доживотно професионално насочување и за регионален развој, од аспект на развој на човечкиот потенцијал и негов придонес во зголемување на конкуретноста на Република Северна Македонија;

- дава препораки за подобрување во поврзувањето на образованието со потребите на пазарот на трудот;

- вреднува/евалуира и одобрува стандарди на квалификација за основно образование, основно балетско и музичко образование и стандарди на квалификација за средно образование (гимназиско и уметничко образование);

- одобрува стандард на квалификација за образовни програми во стручното образование и за програмите за образование на возрасни кои се развиваат врз основа на стандардите на занимања по предходно позитивно мислење на секторските комисии;

- дава препораки до Центарот за развој на стручно образование за подобрување (ревидирање/прилагодување) или изменување на стандардот на квалификација врз основа на оценката во Извештајот од соодветната секторска комисија од евалуацијата на стандардот на квалификација;

- одобрува стандард на квалификација предложен од правни лица, развиен врз основа на стандардите на занимања, по предходно позитивно мислење на секторските комисии;

- одобрува програми и курсеви за стручно и професионално усовршување, изработени од страна на високообразовните институции и високите стручни школи следејќи ги барањата од образецот на стандардот на квалификација;

- одобрува барања на организации и здруженија да изведуваат курсеви и доделуваат микропотврди во соработка со образовна установа која спроведува соодветен систем за обезбедување на квалитет;

- донесува одлуки за распоредување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации;

- соработува со телата за квалитет во високото образование за називите на високообразовните квалификации и нивно вклучување на соодветно ниво во Регистарот на НРК;

- донесува одлуки за распоредување на високообразовните квалификации во Македонската рамка на квалификации, врз основа на предлог од телата за квалитет во високото образование;

- предлага развивање и унапредување на квалификациите до надлежните институции;

- донесува одлуки за усогласување на постојните квалификации со Македонската рамка на квалификации;

- го следи развојот на Македонската рамка на квалификации во целина и утврдува постапка за обезбедување на квалитет на Македонската рамка на квалификации;

- усвојува методологија за развој на стандарди на занимања и стандарди на квалификации;

- усвојува методолошки документи за евалуација на стандардите на квалификации;

- усвојува методолошки документи за класифицирање на квалификациите;

- формира секторски комисии за квалификации;

- утврдува соодветни критериуми за работата на секторски комисии за квалификации и дава насоки за нивното работење;

- одлучува за дефинирање на потсекторите, во рамките на секторите на квалификации;

- разгледува и усвојува извештаи доставени од секторските комисии за квалификации и

- дава препораки за работењето на секторските комисии за квалификации, врз основа на доставените извештаи.

(10) Стручните и административните работи за потребите на Одборот ги врши Министерството за образование и наука.

(11) За својата работа Одборот доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната за претходната година.

(12) На претседателот и членовите на Одбор им следи надомест за работата во Одборот, чија висина ја утврдува Владата, врз основа на присуството на седниците на Одборот.

(13) Средства за работа на Одборот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија во посебна програма во буџетот на Министерството за образование и наука, како и од сопствени приходи на Министерството за образование и наука..

(14) Министерот за образование и наука ги утврдува видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на одобрување и класифицирање на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, врз основа на реално направените трошоци.

(15) За организацијата, работата и начинот на одлучување Одборот донесува деловник за работа.

Надлежни тела и органи за координација за примената и развојот на Македонската рамка на квалификации

Член 17

(1) Координацијата на примената и развојот на Македонската рамка на квалификации ја вршат Министерството за образование и наука и Министерството за економија и труд.

(2) Министерството за образование и наука:

- предлага развој на стандардите за квалификации согласно со општествените потреби и потребите на пазарот на труд;
- донесува образовнипрограми кои се во согласност со стандардите на квалификации од Регистарот на Македонската рамка на квалификации, а во согласност со законите од областа на основно образование, средно образование, стручно образование и обука и образованието за возрасни;
- ја поврзува Македонската рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации и со Квалификациската рамка на Европскиот простор на високото образование,
- ја следи примената и развојот на националните рамки на квалификации во други држави и
- ја информира јавноста за стручни прашања поврзани со Македонската рамка на квалификации.

(3) Министерството за економија и труд :

- воспоставува и развива систем за добивање на информации за сегашните и идни потреби на пазарот на трудот и потребните компетенции,
- собира податоци за промени на компетенциите за потребни занимања,
- предлага развој на стандарди на занимања и стандарди на квалификации според потребите на пазарот на трудот,
- учествува во изработката на стратешки документи и анализи за развојот на Македонската рамка на квалификации со цел зголемување на вработувањето и развој на конкурентноста на Република Северна Македонија,
- донесува стандарди на занимања по позитивно мислење од секторските комисии за квалификации и
- го следи вработувањето на лица со здобиени квалификации.

Секторски комисии за квалификации

Член 18

(1) За секој сектор за квалификација од член 14 став (4) од овој закон, Одборот формира секторска комисија за квалификации (во натамошниот текст: секторската комисија).

(2) Секторската комисија е составена од претседател и осум члена, кои ги назначува Одборот на предлог на: надлежното министерство, Министерството за образование и наука, репрезентативна организација на работодавачи од соодветниот сектор, репрезантативниот синдикат на вработените од соодветниот сектор, универзитетите, Центарот за развој на стручно образование, Центарот за образование на возрасните, Бирото за развој на образованието, коморите од соодветниот сектор или соодветно тело надлежно за регулирани професии (адвокатска комора, лекарска комора, инженерска комора и др).

(3) Претставникот од универзитетите го предлага Интеруниверзитетската конференција, според потсекторите, на работа на секторската комисија.

(4) Претседателот и членовите на секторската комисија за квалификации имаат мандат од четири години, со право на последователен повторен избор.

(5) За претседател и член на секторската комисија може да биде назначено лице кое има:

- завршено високо образование и
- најмалку пет години работно искуство во секторт/дејноста, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификациите.

(6) По исклучок од став (5) на овој член, за член на секторската комисија за лични и други услуги може да се назначи лице кое има завршено најмалку средно образование и најмалку пет години работно искуство во соодветните сектор односно дејност.

(7) Член на секторската комисија може да бидат отповикан пред истекот на времето за кое е назначен, ако на член на секторската комисија му престанал статусот на вработен во институцијата чиј претставник е како член во секторската комисија по било кој основ или на барање на институцијата која го предложила, ако е именуван или избран на функција заради која не би можел да биде назначен за член, ако секторската комисија констатира дека членот подолго од шест месеца не е во состојба да ги врши обврските и ако постои судир на интерес утврден со закон.

(8) Конститувната седница на секторската комисија ја свикува претседателот на Одборот..

(9) Секторската комисија донесува деловник за својата работа, на кој согласност дава Одборот.

(10) Стручните и административните работи за потребите на секторската комисија ги врши Министерството за образование и наука.

(11) На претседателот и членовите на секторската комисија им следи надомест за работата во секторската комисија, чија висина ја утврдува министерот за образование и наука , врз основа на присуството на седниците на секторската комисија.

Надлежности на Секторските комисии за квалификации

Член 19

Секторските комисии за квалификации:

- ја анализираат состојбата и тенденциите на пазарот на трудот;
- предлагаат квалификации за сектор на квалификации од II до VБ подниво;
- ги анализираат постојните квалификации;

- вршат евалуација на стандардите на квалификации запишани во Регистарот на квалификации и поднесуваат извештај до Одборот за продолжување или престанок на важноста на стандардот и даваат препораки за нивно подобрување или измена;
- ги идентификуваат потребите за сите видови на квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот и општеството во целина;
- разгледуваат предлози за воведување на нови стандарди на занимање и подготвуваат мислење до Министерството за економија и труд за нивно усвојување;
- разгледуваат предлози за измени на постојните стандарди на занимање и подготвуваат мислење до Министерството за економија и труд за нивно усвојување;
- разгледуваат предлози за измени на постојните квалификации и подготвуваат мислење до Одборот;
- разгледуваат предлози за воведување нови квалификации и подготвуваат мислење до Одборот за нивно одобрување и распоредување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации;
- предлагаат приоритети во развојот на нови или дополнување на постојните квалификации;
- даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата со стандардите на квалификации;
- даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата/стандардите на квалификации со испитните програми;
- ги промовираат секторите на квалификации и можностите за вработување во нив и
- доставуваат годишни извештаи за својата работа до Одборот, најдоцна до 31 јануари во тековната за предходната година.

## IV. РЕГИСТАР НА МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО ПРИМЕНАТА НА МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

### Регистар на Македонската рамка на квалификации

### Член 20

(1) Одобрената квалификација од Одборот се запишува во Регистарот на Македонската рамка на квалификации (во натамошниот текст: Регистарот).

(2) На секоја одобрена квалификација и се доделува единствена ознака односно код според типот, нивото, обемот, Меѓународната класификацијата на подрачја на образование и обука и во случаи кога е значајно и институцијата во која се стекнува квалификацијата, согласно упатство кое го донесува Одборот.

(3) Министерството за образование и наука овозможува достапност на Регистарот за поврзување со националните бази, како и со европските бази за квалификации и за занимања.

(4) Формата и содржината, како и начинот на водење на Регистарот го пропишува министерот за образование и наука.

### Член 21

(1) Обезбедувањето квалитет во примената на Македонската рамка на квалификации се однесува на квалитетот на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, на процедурите кои водат до стекнување квалификација и јавни исправи (свидетелства, дипломи, уверенија, сертификати и микропотврди) што се доделуваат на учесниците кои ја стекнале квалификацијата.

(2) Системот за обезбедување квалитет во примената на Македонската рамка на квалификации:

- упатува на обликување на квалификациите, како и на примена на резултатите од учење;

- обезбедува важечко и веродостојно вреднување согласно договорени и прегледни стандарди засновани на резултатите од учење и стандарди кои ја опфаќаат постапката на сертифицирање;

- се состои од механизми на повратни информации и постапки за континуирано подобрување;

- ги вклучува сите битни чинители во сите степени на постапката;

- се состои од доследни методи на вреднување коишто ги поврзуваат самооценувањето и надворешната оценка;

- е составен дел од внатрешното управување на телата кои издаваат квалификации со ниво на Европската рамка на квалификации, вклучувајќи ги и активностите доверени на надворешни чинители;

- се заснова на јасни и мерливи цели, стандарди и насоки;

- поддржан е со соодветни средства;

- опфаќа редовна проверка на постојните надворешни надзорни тела или агенции кои вршат обезбедување за квалитет и

- вклучува електронска достапност на резултатите од оценката за квалитет на квалификациите.

Процедури за обезбедување и унапредување на квалитетот на квалификациите
Член 22

(1) Процедури за обезбедување и унапредување на квалитетот на квалификациите во Македонската рамка на квалификации се:

- вреднување и одобрување на квалификациите;
- евалуирање и преиспитување на квалификациите на секои пет години;
- ревидирање и прилагодување на постојните квалификации ;
- акредитација на институциите кои изведуваат образовни програми, студиски програми, односно посебни програми за образование на возрасните;
- акредитација на наставниот план, наставна програма и испитната програма (образовна програма), акредитација на студиски програми, односно на посебните програми за образование на возрасните;
- евалуација на воспитно-образовната, односно високообразовната дејност ;
- вреднување на постигањатата на учениците, студентите, учесниците во програмите од алинеја (5) на овој став;
- издавање на јавните исправи (свидетелства, дипломи, уверенија и сертификати и соодветни додатоци) ;
- евалуација на програми и институции, самоевалуација (самооценување), надворешно оценување или надворешна ревизија и објавување на резултатите ;
- постапки за признавање и еквиваленција на квалификациите преку свидетелства и дипломи за основно, средно и високо образование стекнато во странство и

- меѓународно учество, соработка и вмрежување во европските/светските мрежи за признавање на квалификации и обезбедување на квалитет.

(2) Процедурите од став (1) на овој член се согласно законите од соодветните дејности на основното, средното и високото образование, стручното образование и обука и образованието на возрасните.

(3) Вреднувањето и потврдувањето на резултатите од учењето (знаења, вештини и компетенции) во неформалното образование и обука го врши комисија формирана согласно Законот за образование на возрасните.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

(1) МСОО кредитите стекнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се еквиваленти со МКСОО кредитите стекнати согласно овој закон .
(2) ЕЦВЕТ кредитите стекнати во средното стручно образование до денот на влегувањето во сила на овој закон, се еквиваленти со ЕКССОО кредитите стекнати согласно овој закон.

### Член 24

Квалификациите, стекнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се соодветни на нивоата и поднивоата во Македонската рамка на квалификации, и тоа:

- завршено основно образование е еквивалентно на ниво I;

- завршено образование во траење до две години и за учениците со посебни образовни потреби со траење од три години, во случаите од член 9 став (1) алинеја 2 од овој закон, е еквивалентно на ниво II;

- завршено образование во траење од три години и за учениците со посебни образовни потреби со траење од четири години, во случаите од член 9 став (1) алинеја 3 од овој закон е еквивалентно на ниво III;

- завршено средно гимназиско образование, техничко образование и уметничко образование во траење од четири години и за учениците со посебни образовни потреби во траење од пет години, во случаите од член 9 став (1) алинеја 4 од овој закон е еквивалентно на ниво IV;

- завршено постсредното образование (специјалистичко образование и образование за мајстор) е еквивалентно на ниво V, подниво VБ;

- завршено високото образование пократко од три години е еквивалентно на ниво V, подниво VA;

- завршени тригодишни и четиригодишните додипломски студии се еквивалентни на ниво VI, поднивоа VIБ и VIA соодветно;

- завршени магистерските и специјалистичките студии се еквивалентни на ниво VII, поднивоа VIIA и VIIБ соодветно и

- завршени докторските студии се еквивалентни на ниво VIII.

Член 25

Звањето–специјалист по одредено подрачје стекнато согласно Законот за високо образование до денот на влегувањето во сила на овој закон, е еквивалентно на звањето магистер по деталното подрачје од Меѓународната класификацијата на подрачја на образование и обука.

Член 26

Одборот за Македонска рамка на квалификации ќе се формира во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, формиран според Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16) продолжува со работа до формирањето на Одборот за Македонска рамка на квалификации согласно овој закон.

Конститутивната седница на Одборот за Македонска рамка на квалификации ја свикува министерот за образование и наука во рок од 15 дена од денот на назначување на претседателот и на членовите согласно овој закон.

Секторските комисии ќе се формираат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Секторските комисии формирани според Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), продолжуваат со работа до формирањето на секторските комисии согласно овој закон.

Конститутивните седници на секторските комисии се свикуваат во рок од 15 дена од денот на назначување на претседателот и на членовите на секторските комисии согласно овој закон.

Мандатот на претседателот и на членовите на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, назначени според Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), трае до назначувањето на претседателот и на членовите на Одборот за Македонска рамка на квалификации согласно овој закон.

Мандатот на претседателот и на членовите на секторските комисии, назначени според Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), трае до назначувањето на претседателот и на членовите на секторските комисии согласно овој закон.

Член 27

Постапките за одобрување на стандард на квалификација започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16).

Член 28

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 29

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16).

Член 30

Овај закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
# НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите во Законот за Националната рамка на квалификации е систематизирана во пет поглавја (со вкупно 28 членови) и тоа поставени по следниот редослед:

I. Општи одредби
II. Македонска рамка на квалификации
III. Надлежни органи, установи, тела и комисии
IV. Регистар на Македонската рамка на квалификации и обезбедување квалитет во примената на Македонската рамка на квалификации
V. Преодни и завршни одредби

Во првото поглавје се дефинира опфатот на Законот и се дадени дефинции на основните поими опфатени во законот. Во ова поглавје се praveni поместени и начелата на кои се заснова и целите за кои служи. Тие се усогласени со Европската рамка на квалификации како мета рамка на начин кој е препознатлив во национален контекст

Второто поглавје на Законот се претставува рамка на квалификации како задолжителен единствен меѓународно препознатлив опис со кои се опишуваат сите меѓусебно поврзани квалификации и резултати од учење и се определуваат односите меѓу квалификациите. Со Стандардот на квалификација се опишува содржината и структурата на квалификацијата.

Третото поглавјето ги уредува надлежностите и улогата на надлежните органи, установи, тела и комисии во управувањето на Рамката на квалификации и тоа: Одбор за Национална рамка за квалификации, Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд, Бирото за развој на образованието, Центарот за развој на стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните и Секторски комисии за квалификации.

Регистар на Македонската рамка на квалификации и обезбедување квалитет во примената на Македонската рамка на квалификации се уредуваат во четвртото поглавје. Водењето на Регистарот и неговата содржина се поврзани со системот за обезбедување на квалитет кој се доведува во врска и препознатливост со Стандардите прифатени на Европскиот образовен простор на високо образование и оние за другите нивоа на образование како што е во препораките на Европската Комисија за поврзување на Националните со Европската рамка на квалификации

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со овој закон се донесува нов Законот за Националната рамка на квалификации, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Националната рамка на квалификации овозможува побрз одговор за прилагодување на квалификациите кон потребите на поединецот, работодавачите и општество во целина. Со оглед на тоа што, освен за основната намена за прегледност и споредливост на квалификациите, Националните рамки за квалификации се повеќе се користат и за признавање на квалификациите, вреднување на претходното неформално или искуствено учење, користењето на меѓународните квалификации, потврдите од курсеви и слично. Со Националната рамка на квалификации и овој Законсе изразува подготвеноста за одговор на постојните и идните барање на тие полиња и да се обезбедат придобивки за поединците но и општеството во целина. Националната рамка се поврзува со Европската рамка на квалификации како метарамка по што следат извештаи за повремен преглед на поврзувањето преку активностите на Советодавната група за Европска рамка на квалификации.  Уредна Рамка на квалификации значи сигурност за граѓаните и работодавачите и нивните вложувања.